**20140270937**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КВАЛИТЕТ И БЕЗБЕДНОСТ НА ЃУБРИЊА, БИОСТИМУЛАТОРИ И ПОДОБРУВАЧИ НА СВОЈСТВАТА НА ПОЧВАТА**

Се прогласува Законот за квалитет и безбедност на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 3 февруари 2014 година.

Бр. 07-667/1
3 февруари 2014 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорѓе Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

# ЗАКОН ЗА КВАЛИТЕТ И БЕЗБЕДНОСТ НА ЃУБРИЊА, БИОСТИМУЛАТОРИ И ПОДОБРУВАЧИ НА СВОЈСТВАТА НА ПОЧВАТА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Содржина

Член 1

Со овој закон се уредуваат условите за производство на ѓубриња, пласирањето на ѓубрињата на пазар, увоз, извоз на ѓубриња, употребата на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата, видовите ѓубриња, идентификација, квалитет, состав, земање примероци, пакување, препакување, обележување, испитување, декларирање, следење, регистрирање и други прашања кои се однесуваат на ѓубрињата биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата.

Член 2

(1) Заради заштита на здравјето на луѓето и животната средина покрај условите утврдени со овој закон, за пласирање на пазар и употреба на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата, доколку истите содржат опасни супстанции се применуваат и условите утврдени во прописите од областа на хемикалиите.



www.pravdiko.mk

(2) Ако ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата од овој закон, содржат и средства за заштита на растенијата за нивното производство, пласирање на пазар, увоз и употреба се применуваат и прописите кои ја регулираат областа на фитофармација.

## Поими

Член 3

Одделни поими употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. "Ѓубриња" се хемиски соединенија чија главна функција е исхрана на растенијата кои може да бидат хемиски соединенија од минерално и органско потекло, како и мешавини од тие соединенија;

2. "Примарни макрохранливи елементи" (во натамошниот текст: макробиогени елементи) се азот, фосфор и калиум од кои растенијата имаат поголеми потреби за раст и развој;

3. "Секундарни макрохранливи елементи" (во натамошниот текст: макробиогени елементи) се калциум, магнезиум, сулфур и натриум од кои растенијата имаат помали потреби во однос на примарните макробиогени елементи;

4. "Микрохранливи елементи" (во натамошниот текст: микробиогени елементи) се железо, бор, цинк, манган, бакар, кобалт, молибден и селен од кои растенијата имаат многу помали потреби во однос на примарните и секундарните макробиогени елементи, но се од витално значење за растенијата;

5. "Хелатни облици (органоминерални комплекси) на микробиогени елементи" се микробиогени елементи врзани за молекулите EDTA, DTPA, EDDHA, HEETA, EDDHMA, EDDCHA;

6. "Видови на ѓубриња" се ѓубриња со единствен вид на ознака како што е пропишано со овој закон;

7. "Комплексни облици на микробиогени и макробиогени елементи" се микробиогени елементи и макробиогени елементи врзани за макромолекули од органско или друго потекло;

8. "Мешани ѓубриња" се ѓубриња добиени со суво мешање на неколку единични ѓубриња без хемиска реакција, со или без дополнувачи;

9. "Фолијарно ѓубре" е ѓубре наменето за фолијарна употреба, во кои хранливите елементи се во форма што е погодна за исхрана на растението преку надземните органи;

10. "Течно ѓубре" е ѓубре во форма на раствор или суспензија;

11. "Водорастворливи ѓубриња" се ѓубриња кои се целосно растворливи во вода;

12. "Суспензивни ѓубриња" се двофазни ѓубриња составени од течна и цврста фаза во кои цврстата фаза се одржува во суспензија во течна фаза;

13. “Органски ѓубриња” се ѓубриња од растително или животинско потекло кои содржат најмалку 30% органски материи и најмалку 1% азот, 1% фосфор и 1% калиум се внесуваат во почвата за подобрување на нејзините својства и исхрана на растенијата;

14. “Органско-минерални ѓубриња“ се ѓубриња од органско и минерално потекло кои содржат најмалку 10% органски материи и 1% азот, 1% фосфорен (V) оксид и 1% калиум и се внесуваат во почвата за подобрување на нејзините својства и исхрана на растенијата;

15. "Шталско ѓубре" (арско) е органско ѓубре произведено или добиено од цврсти екстременти во шталски или други соодветни услови. Во шталско ѓубре спаѓаат кравјо, коњско, овчо, козјо, магарешко и свинско;



www.pravdiko.mk

16. "Птичјо ѓубре" е органско ѓубре добиено од живинарските фарми при одгледување на кокошки, бројлери, пајки, мисирки и ноеви;

17. "Компост" е зрело органско ѓубре направено од разни земјоделски отпадни материи (слама, лисја, кујнски отпадоци и друго);

18. "Неоргански ѓубрива" се производи со кои хранливите елементи се внесуваат во почвата, во форма на неоргански соли кои се добиваат со различни технолошки постапки, кои содржат макробиогени, хелатни или комплексни форми на макробиогени елементи;

19. "Единични неоргански ѓубрива" се азотни, фосфорни и калиумови ѓубрива со точно одредена содржина на само еден од макробиогените елементи;

20. "Сложени неоргански ѓубрива" се ѓубрива кои имаат декларирана содржина најмалку на два макробиогени елементи кои се добиваат по хемиски пат со мешање или комбинација од двете постапки;

21. “Комплексни неоргански ѓубрива" се сложени ѓубрива добиени со хемиска реакција на соодветните компоненти во течна или во цврста состојба по пат на гранулирање, при што секоја гранула ги содржи сите хранливи елементи во декларираниот состав;

22. "Компост за печурки" е органско ѓубре кое се подготвува од слама, птичјо ѓубре и други минерални додатоци;

23. "Осока" е течниот дел на шталското ѓубре;

24. "Глистал" е биоѓубре добиено со преработка на зрело арско ѓубре преку учество на калифорниски црви и микроорганизми (хумификатори);

25. "Калифорниски црви" се живи организми кои заедно со микроорганизмите ја преработуваат органската материја до глистал (биохумус) кој претставува високо квалитетно органско ѓубре;

26. "Тресет" е полуразложена органска материја создадена во анаеробни услови кој има висок воден капацитет;

27. "Микробиолошки ѓубрива" се производи кои содржат високи титри на одредени корисни одбрани соеви на микроорганизми, а се користат за трансформација на органските и неорганските хранливи елементи во минерални форми достапни за растенијата;

28. "Биостимулатори" се физиолошки активни органски материи со ниска содржина на хранливи елементи од природно или синтетичко потекло (хормони, витамини, аминокиселини и хумусни киселини) кои во соодветни услови имаат стимулативно дејство на одделни физиолошко-биохемиски процеси во одделни фази од развојот на растението;

29. "Подобрувачите на својствата на почвата" се неоргански (варовник, гипс, доломит, песок, зеолит, бентонитска глина, водено стакло и друго), или органски материи, од природно или синтетичко потекло кои не содржат повеќе од 3% макробиогени и микробиогени елементи, не се сметаат за ѓубрива;

30. “Опасни ѓубрива“ се ѓубрива кои ја надминуваат дозволената граница на тешки метали и амониум нитратните ѓубрива кои во својот состав содржат елементи на експлозивност поради што се опасни за растенијата, животните, животната средина и здравјето на луѓето;

31. "Производител" е домашно правно лице кое произведува и врши пакување на ѓубрива, биостимулатори и подобрувачи на својства на почвата и е одговорен за производство и пласирање на пазарот;

32. “Увозник“ е домашно правно лице или застапник на странски производител кој е одговорен за увоз или пласирање на ѓубре, биостимулатори и подобрувачи на својства на почвата на пазарот;



www.pravdiko.mk

33. "Декларација" е натпис отпечатен, обележан и прицврстен за амбалажата и претставува доказ кој ја идентификува содржината на хранливите елементи и нивните својства со пропишаните отстапувања;

34. "Декларирана содржина" е содржина на елементи или нивните оксиди кои се наведени во декларацијата или на соодветните придружни документи;

35. "Отстапување" е дозволено отстапување на вредностите на содржината на хранливите елементи од нивните декларирани вредности;

36. "Пакување" е пакет кој може трајно да се затвори, со кое може да се ракува и во кое може да се чува и дистрибуира ѓубре, а не содржи повеќе од 1.000 кг;

37. "Препакување" е пакување на ѓубре од поголема во помала количина, кое трајно се затвора при што не смеат да се менуваат својствата на ѓубрето;

38. "Ѓубре во ринфузна состојба" е производ кој не е спакуван на начин пропишан со точката 33 на овој член;

39. "Квалитет на ѓубре“ е степен на квалитативни својства и карактеристики кои ги исполнуваат стандардите или техничките прописи за квалитет;

40. "Пласирање на пазар" е трговија на големо и мало на ѓубрива на територијата на Република Македонија;

41. "Увоз" е влез на ѓубрива, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата преку државната граница на Република Македонија;

42. “Извоз“ е излез на ѓубрива, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата од царинското подрачје на Република Македонија;

43. "Шаржа" е количество од комплексни, единечни, сложени ѓубрива биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата или количеството на суровина за производство, која е произведена со исти технолошки постапки, во тек на еден производен процес, под исти услови и исто пропишан квалитет, означена под реден број или со датум на производство;

44. “Шаржа од мешани ѓубрива“ се ѓубрива кои се добиваат со исти технолошки постапки, во тек на еден производен процес, под исти услови и ист пропишан квалитет, означена под реден број или со датум на производство, кое веднаш се пакува;

45. "Пратка" е дел од шаржата, целата шаржа или повеќе шаржи од еден ист вид на ѓубре, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата или суровина која е во промет или пристигнала на граничен премин;

46. “Мониторинг“ е вршење на планирани следења или мерења со цел за добивање на преглед на состојбата на усогласеност со прописите за ѓубрива, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата и

47. “Амониум нитратни ѓубрива“ се неоргански ѓубрива кои содржат неоргански или нереактивни супстанции и содржат повеќе од 28% (тежински) азот во форма на амониум нитрат.

## II. ЃУБРИВА

### 1. **Пласирање на пазар на ѓубрива, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата**

Член 4

(1) Ѓубрива, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата може да се пласираат на пазар на територијата на Република Македонија, ако:

1) обезбедуваат ефикасна хранлива вредност и ги подобруваат својствата на почвата;



www.pravdiko.mk

2) е обезбедено земање на примероци за чие испитување се користат соодветни признаени стандардни методи и

3) во услови на практична примена не влијаат неповолно на здравјето на луѓето, животните, растенијата и животната средина.

(2) Производителот е одговорен за сообразноста на ѓубрето кое се пласира на пазарот согласно со одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

Член 5

Ако врз основа на научни и технички сознанија постои оправдана причина дека составот на ѓубрето, биостимулаторот, подобрувачот на својства на почвата или суровините, претставуваат ризик за безбедноста и здравјето на луѓето, животните и растенијата или ризик заради интеракција со вода или воздух можат да станат опасни производи, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе:

1) забрани привремено или трајно производство и пласирање на пазар на такво ѓубре, биостимулатор и подобрувач на својства на почвата во зависност од проценката на ризикот по здравјето на луѓето, животните, растенијата и животната средина и

2) пропише посебни услови под кои ѓубрето, биостимулаторот и подобрувачот на својства на почвата ќе може да се произведуваат, пласираат на пазар и да се употребуваат.

**2. Неоргански ѓубриња**

Член 6

(1) Неорганските ѓубриња можат да се произведуваат, препакуваат, пласираат на пазарот, увезуваат, извезуваат и употребуваат во Република Македонија, ако се класифицирани и означени како неоргански ѓубриња.

(2) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ги пропишува видовите на неорганските ѓубриња од ставот (1) на овој член, постапката и документите за класифицирање на новото ѓубре во одреден вид, начинот на означување и идентификација, начинот на изразување на содржината на макробиогени и микробиогени елементи, минимални и максимални количини на хранливи елементи и примеси во неорганското ѓубре.

**3. Амониум нитратни ѓубриња со висока содржина на азот, мерки за безбедност, контрола и испитувања на отпорноста на детонација**

Член 7

(1) Супстанциите кои се употребуваат за производство на амониум нитратни ѓубриња со висока содржина на азот, не смеат да ја зголемат нивната сензитивност кон топлина или нивна тенденција за детонација.

(2) За да се обезбеди следење на амониум нитратните ѓубриња со висока содржина на азот кои се пласираат на пазарот, производителот мора да ги чува податоците со назив и адреса на погоните во кои ѓубрињата и основните компоненти се произведени и податоците за одговорните лица кај производителот. Податоците треба да бидат достапни на Државниот земјоделски инспекторат се додека амониум нитратните ѓубриња се присутни на пазарот, и две години откако производителот ќе престане да го пласира на пазарот.



www.pravdiko.mk

Член 8

(1) Производителот пред да ги пласира на пазар амониум нитратните ѓубрива со висока содржина на азот, треба да ја испита отпорноста на ѓубривата на детонација и да докаже дека се извршени испитувања за отпорност на детонација.

(2) Производителот треба да ги достави резултатите од тестот за отпорноста на детонација на амониум нитратните ѓубрива со висока содржина на азот на Државниот инспекторат на земјоделството најмалку пет дена пред да се пласира на пазар и при увоз со пристигање на пратката на граничниот премин.

(3) Производителот треба да гарантира дека количините на амониум нитратни ѓубрива со висока содржина на азот кои се на пазарот во Република Македонија ги исполнуваат условите од испитувањата на тест за отпорноста на детонација.

(4) Амониум нитратните ѓубрива се пласираат на пазарот и мора да бидат достапни до крајниот корисник исклучиво во оригинално пакување.

(5) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ги пропишува барањата кои треба да ги исполнуваат амониум нитратните ѓубрива со висока содржина на азот во однос на својствата, граничните вредности, методите за испитување, испитувањето на отпорност на детонација и начинот на нивното сместување и ракување.

## 4. Органски и органоминерални ѓубрива

Член 9

(1) Органски и органоминерални ѓубрива може да се произведуваат, пласираат на пазарот, увезуваат, извезуваат и употребуваат во Република Македонија, ако се класифицирани како органски ѓубрива од одреден вид со најмалку 30% органски материи.

(2) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ги пропишува видовите на ѓубрива од ставот (1) на овој член, постапката и документите за класификација на ново органско ѓубре во одреден вид, означувањето и идентификацијата, содржината на минималните и максималните количества на макробиогени и микробиогени елементи и примеси.

## 5. Микробиолошки ѓубрива

Член 10

(1) Микробиолошките ѓубрива можат да се произведуваат, пласираат на пазарот, увезуваат, извезуваат и употребуваат во Република Македонија, ако се класифицирани како микробиолошки ѓубрива.

(2) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ги пропишува видовите на ѓубрива од ставот (1) на овој член, постапката и документите за класифицирање на ново микробиолошко ѓубре од одреден вид, начинот на означување и идентификација и содржината на минимални и максимални количества на микроорганизми и примеси.



www.pravdiko.mk

## III. БИОСТИМУЛАТОРИ И ПОДОБРУВАЧИ НА ПОЧВАТА

### 1. Биостимулатори

Член 11

(1) Биостимулаторите можат да се произведуваат, пласираат на пазарот, увезуваат, извезуваат и употребуваат во Република Македонија, ако се класифицирани како биостимулатори.

(2) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ги пропишува видовите на биостимулаторите од ставот (1) на овој член, постапката и документите за класификација на нов биостимулатор во одреден вид, начинот на означување и идентификација и содржината на минималните и максималните количества хранливи елементи и примеси.

### 2. Подобрувачи на својствата на почвата

Член 12

(1) Подобрувачите на својствата на почвата можат да се произведуваат, пласираат на пазарот, увезуваат, извезуваат и употребуваат во Република Македонија, ако се класифицирани како подобрувачи на својствата на почвата.

(2) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ги пропишува видовите на подобрувачи на својствата на почвата од ставот (1) на овој член, постапката и документите за класификација на нов подобрувач на својствата на почвата од одреден вид, означувањето, идентификацијата и содржината на минималните и максималните количества на макробиогените и микробиогените елементи и примеси.

## IV. ПРОИЗВОДСТВО НА ЃУБРИЊА

### 1. Производство на ѓубриња

Член 13

(1) Со производство на ѓубриња може да се занимава правно лице кое ги исполнува следниве услови:

1) да има соодветен простор за производство и за пакување;

2) да има соодветна опрема за производство и за пакување;

3) да има магацински простор за сместување на суровините и на готовите ѓубриња и

4) да има вработено лице на неопределено работно време со најмалку високо образование од областа на биотехнички науки и хемија.

(2) Поблиските услови од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот.

(3) Правното лице кое сака да се занимава со производство на ѓубриња поднесува барање за упис во Регистарот на производители на ѓубриња до Фитосанитарната управа (во натамошниот текст: Управата).

(4) Управата во рок од 30 дена по приемот на барањето од ставот (3) на овој член утврдува дали се исполнети условите од ставот (1) на овој член и доколку истите се исполнети правното лице се запишува во Регистарот на производители врз основа на решение од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(5) Доколку правното лице не ги исполнува условите за вршење на дејноста барањето со решение се одбива како неосновано.



www.pravdiko.mk

(6) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ги пропишува формата, содржината на барањето од ставот (3) на овој член и потребната документација, формата и содржината и начинот на водење на Регистарот на производители на ѓубрива и постапката за запишување.

(7) Доколку министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство не донесе решение по барањето од ставот (3) на овој член во рокот од ставот (4) на овој член, подносителот на барањето има право во рок од три работни дена од истекот на тој рок да поднесе барање до писарницата на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство за донесување на решение.

(8) Формата и содржината на барањето од ставот (7) на овој член ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(9) Кон барањето од ставот (7) на овој член подносителот на барањето доставува и копија од барањето од ставот (3) на овој член.

(10) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство е должен во рок од пет работни дена од денот на приемот на барањето од ставот (7) на овој член до писарницата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да донесе решение со кое барањето е уважено или одбиено.

(11) Доколку министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство не донесе решение во рокот од ставот (10) на овој член, подносителот на барањето може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.

(12) Државниот управен инспекторат е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот (11) на овој член да изврши надзор кај министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, односно во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за да утврди дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(13) Инспекторот од Државниот управен инспекторат по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое го задолжува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство во рок од десет дена да одлучи по поднесеното барање, односно да го уважи или одбие барањето и да го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање.

(14) Доколку министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство не одлучи во рокот од ставот (13) на овој член инспекторот ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(15) Доколку министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство не одлучи и во дополнителниот рок од ставот (14) на овој член инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(16) Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот (11) на овој член подносителот на барањето во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, приговорот се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.



www.pravdiko.mk

(17) Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена да го разгледа приговорот од ставот (16) на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на барањето согласно со ставовите (12) и (13) и/или не поднесол пријава согласно со ставот (15) на овој член ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција за инспекторот и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој инспекторот ќе изврши надзор кај министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, односно во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за да утврди дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(18) Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот (17) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(19) Во случајот од ставот (18) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден, ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот.

(20) Во случаите од ставот (19) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето.

(21) Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот (17) на овој член, подносителот на барањето може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.

(22) Против решението на директорот на управата за одбивање на барањето од ставот (3) на овој член, барателот има право на жалба во рок од 15 дена до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос.

(23) Доколку министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство не одлучи во рокот од ставот (14) на овој член, подносителот на барањето може да поведе управен спор пред надлежен суд.

(24) Постапката пред Управниот суд е итна.

Член 14

(1) Производителите пред да ги пушти на пазар ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата е должен до Управата да поднесе барање со потребна документација за нивно евидентирање во Листата на ѓубриња, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата.

(2) Увозникот на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата 30 дена пред увозот е должен до Управата да поднесе барање со потребна документација за нивно евидентирање во Листата на ѓубриња, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата.

(3) Управата во рок од 20 дена по приемот на барањето од ставовите (1) и (2) на овој член утврдува дали параметрите, типот и видот на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата содејствуваат со доставената документација и доколку истите се усогласени, по предлог на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство да донесе решение за воведување во Листата на ѓубриња, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата по што и истите ги евидентира.



www.pravdiko.mk

(4) Доколку ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата не содејствуваат со доставената документација барањето од ставовите (1) и (2) на овој член со решение се одбива како неосновано.

(5) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ги пропишува формата и содржината на барањето и потребната документација од ставот (1) на овој член.

(6) Управата води Регистар на производители на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата и Листата на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата кои се објавуваат на веб страницата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(7) Доколку министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство не донесе решение во рокот од ставот (2) на овој член, доставено од увозникот, за евидентирање на ѓубрињата кои се увезуваат, подносителот на барањето има право во рок од три работни дена од истекот на тој рок да поднесе барање до писарницата на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство за донесување на решение.

(8) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ги пропишува формата и содржината на барањето од ставот (7) на овој член.

(9) Кон барањето од ставот (7) на овој член подносителот на барањето доставува и копија од барањето од ставот (2) на овој член.

(10) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство е должен во рок од пет работни дена од денот на приемот на барањето од ставот (7) на овој член да донесе решение со кое барањето е уважено или одбиено.

(11) Доколку министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство не донесе решение во рокот од ставот (10) на овој член подносителот на барањето може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.

(12) Државниот управен инспекторат е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот (8) на овој член да изврши надзор кај министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство за да утврди дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(13) Инспекторот од Државниот управен инспекторат по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое го задолжува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство во рок од десет дена да одлучи по поднесеното барање, односно да го уважи или одбие барањето и да го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање.

(14) Доколку министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство не одлучи во рокот од ставот (10) на овој член инспекторот од Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести инспекторот од Државниот управен инспекторат за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена писмено ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(15) Доколку министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство не одлучи и во дополнителниот рок од ставот (11) на овој член инспекторот од Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(16) Доколку инспекторот од Државниот управен инспекторат не постапи по известувањето од ставот (8) на овој член подносителот на барањето во рок од пет работни



www.pravdiko.mk

дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат.

(17) Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена да го разгледа приговорот од ставот (13) на овој член и доколку утврди дека инспекторот од Државниот управен инспекторат не постапил по известувањето од подносителот на барањето согласно со ставовите (9) и (10) и не поднесол пријава согласно со ставовите (11) и (12) на овој член, ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција за инспекторот од Државниот управен инспекторат и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој инспекторот ќе изврши надзор кај министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство за да утврди дали е спроведена постапката согласно со овој закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(18) Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот (14) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот од Државниот управен инспекторат и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(19) Во случајот од ставот (15) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден, ќе овласти друг инспектор од Државниот управен инспекторат да го спроведе надзорот веднаш.

(20) Во случаите од ставот (16) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето.

(21) Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот (14) на овој член, подносителот на барањето може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.

(22) Против решението на Управата за одбивање на барањето од ставот (2) на овој член парабелот има право на жалба во рок од 15 дена до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос.

(23) Доколку министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство не одлучи во рокот од ставот (11) на овој член, подносителот на барањето може да поведе управен спор пред надлежен суд.

(24) Постапката пред Управниот суд е итна.

### 2. Производител

Член 15

(1) Производителот е должен да врши контрола на квалитетот на производството на секоја шаржа на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата пред да се пласираат на пазарот.

(2) Производителот е должен за произведените ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата да води евиденција и најдоцна до 31 март во тековната година до Управата да и доставува извештај за произведените ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата од претходната година.

(3) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ги пропишува формата и содржината на извештајот од ставот (2) на овој член.

(4) Евиденцијата од ставот (2) на овој член треба да му биде достапна на Државниот инспекторат за земјоделство сѝ додека ѓубрето биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата се наоѓаат на пазар и во период од две години по престанувањето на производството и пласирањето на пазарот.



www.pravdiko.mk

## IV. ПЛАСИРАЊЕ НА ПАЗАР НАЃУБРИЊА И НИВНО СМЕСТУВАЊЕ

### 1. Пласирање на пазар на ѓубрива на големо

Член 16

(1) Пласирање на пазарот на ѓубрива на големо може да врши правно лице, доколку ги исполнува следниве услови:

1) да поседува магацини со задоволителен капацитет за сместување на ѓубрива кои овозможуваат одржување на квалитетот, правилно и безбедно ракување со ѓубривата и да не се предизвикува загадување на животната средина и

2) да има вработено најмалку едно лице на неопределено време со најмалку средно образование од областа на земјоделството.

(2) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство поблиску ги пропишува условите за магацините и условите за сместување и чување на ѓубривата од ставот (1) на овој член.

(3) Ако правното лице ги исполнува условите од ставовите (1) и (2) на овој член, по претходно поднесено барање, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство во рок од 30 дена донесува решение за упис во Регистарот на правни лица за пласирање на пазар на ѓубрива на големо.

(4) Доколку министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство нема да донесе решение по барањето од ставот (3) на овој член во пропишаниот рок, подносителот на барањето има право во рок од три работни дена од истекот на тој рок да поднесе барање до писарницата на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство за донесување на решение.

(5) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ги пропишува формата, содржината и потребната документација за барањето од ставот (3) на овој член, како и формата и содржината на барањето од ставот (4) на овој член.

(6) Кон барањето од ставот (4) на овој член подносителот на барањето доставува и копија од барањето од ставот (3) на овој член.

(7) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство е должен во рок од пет работни дена од денот на приемот на барањето од ставот (4) на овој член да донесе решение со кое барањето е уважено или одбиено.

(8) Доколку министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство не донесе решение во рокот од ставот (7) на овој член подносителот на барањето може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.

(9) Државниот управен инспекторат е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот (8) на овој член да изврши надзор кај министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, односно за да утврди дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор писмено да го извести подносителот на барањето за преземените мерки.

(10) Инспекторот од Државниот управен инспекторат по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое го задолжува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство во рок од десет дена да одлучи по поднесеното барање, односно да го уважи или одбие барањето и да го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање.

(11) Доколку министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство не одлучи во рокот од ставот (10) на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција и ќе



www.pravdiko.mk

определи дополнителен рок од пет работни дена во кој министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(12) Доколку министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство не одлучи и во дополнителниот рок од ставот (11) на овој член инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(13) Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот (9) на овој член подносителот на барањето во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат.

(14) Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена да го разгледа приговорот од ставот (13) на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на барањето согласно со ставовите (9) и (10) и не поднесол пријава согласно со ставовите (11) и (12) на овој член, ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција за инспекторот и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој инспекторот ќе изврши надзор кај министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство за да утврди дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(15) Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот (14) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(16) Во случајот од ставот (15) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден, ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот.

(17) Во случаите од ставот (16) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето.

(18) Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот (14) на овој член, подносителот на барањето може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.

(19) Против решението на директорот на Управата за одбивање на барањето од ставот (3) на овој член, парабелот има право на жалба во рок од 15 дена до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос.

(20) Доколку министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство не одлучи во рокот од ставот (11) на овој член, подносителот на барањето може да поведе управен спор пред надлежен суд.

(21) Постапката пред Управниот суд е итна.

(22) Формата, содржината и начинот на водење на Регистарот од ставот (3) на овој член ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Пласирање на пазар на ѓубриња на мало**

Член 17

(1) Пласирање на пазар на ѓубриња на мало може да врши правно лице под услов на продажното место за пласирање на пазарот да има:



www.pravdiko.mk

1) посебно одвоен дел во магацини за сместување на ѓубрињата на палети кои овозможуваат одржување на квалитетот на ѓубрињата, правилно и безбедно ракување со ѓубрињата и

2) вработено лице на неопределено време со најмалку високо образование од областа на земјоделските наука кое има сертификат за давање на совети по начелата за добра земјоделска пракса за употребата на ѓубрињата.

(2) Сертификатот од ставот (1) точка 2 на овој член го издава Министерството за земјоделство,шумарство и водостопанство.

(3) Испитот за добивање на сертификат од ставот (2) на овој член се полага пред комисија формирана од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство по програма изготвена од Управата.

(4) Комисијата од ставот (3) на овој член се состои од пет члена од кои три члена се од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и два члена од разни научни институции.

(5) Членовите на комисијата во својата работа добиваат надоместок.

(6) На кандидатите кои го положиле испитот им се издава сертификат за положен испит за давање на совети по начелата за добра земјоделска пракса за употребата на ѓубрињата.

(7) За полагање на испитот за давање на совети по начелата за добра земјоделска пракса за употребата на ѓубрињата се плаќа надоместок.

(8) Висината на надоместокот треба да биде во рамките на направените трошоци за обука, литература, потрошен материјал, трошоци за испитна комисија и друго.

(9) Управата води евиденција за лицата кои го положиле испитот за добивање на сертификат за давање на совети по начелата за добра земјоделска пракса за употребата на ѓубрињата.

(10) Начинот и програмата за полагање на испитот за добивање на сертификат за давање на совети по начелата за добра земјоделска пракса за употребата на ѓубрињата, формата и содржината на уверението за положен испит на сертификатот за давање на совети по начелата за добра земјоделска пракса за употребата на ѓубрињата ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(11) Доколку правното лице ги исполнува условите од ставот (1) на овој член поднесувачот на барањето се запишува во регистарот за правните лица за пласирање на пазарот на ѓубриња на мало.

(12) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ги пропишува поблиските услови за магацините од ставот (1) точки 1 и 3 на овој член и условите за сместување и чување на ѓубрињата.

(13) Ако правното лице ги исполнува условите од ставовите (1) и (2) на овој член, по претходно поднесено барање со придружна документација, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство во рок од 30 дена донесува решение за упис во Регистарот на правни лица за пласирање на пазарот за ѓубриња на мало.

(14) Доколку министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство не донесе решение по барањето од ставот (13) на овој член во пропишаниот рок, подносителот на барањето има право во рок од три работни дена од истекот на тој рок да поднесе барање до писарницата на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство за донесување на решение.

(15) Формата и содржината на барањето и придружната документација од ставот (13) на овој член, како и формата и содржината на барањето од ставот (14) на овој член ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(16) Кон барањето од ставот (14) на овој член подносителот на барањето доставува и копија од барањето од ставот (13) на овој член.



www.pravdiko.mk

(17) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство е должен во рок од пет работни дена од денот на приемот на барањето од ставот (14) на овој член да донесе решение со кое барањето е уважено или одбиено.

(18) Доколку министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство не донесе решение во рокот од ставот (17) на овој член, подносителот на барањето може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.

(19) Државниот управен инспекторат е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот (18) на овој член да изврши надзор кај министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство за да утврди дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(20) Инспекторот од Државниот управен инспекторат по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое го задолжува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство во рок од десет дена да одлучи по поднесеното барање, односно да го уважи или одбие барањето и да го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање.

(21) Доколку министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство не одлучи во рокот од ставот (20) на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(22) Доколку министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство не одлучи и во дополнителниот рок од ставот (21) на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(23) Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот (18) на овој член, подносителот на барањето во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, приговорот се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.

(24) Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена да го разгледа приговорот од ставот (23) на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на барањето согласно со ставовите (18) и (19) и не поднесол пријава согласно со ставовите (21) и (22) на овој член, ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција за инспекторот и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој инспекторот ќе изврши надзор кај министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство за да утврди дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(25) Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот (24) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена писмено ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.



www.pravdiko.mk

(26) Во случајот од ставот (25) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат најдоцна во рок од еден работен ден, ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.

(27) Во случаите од ставот (26) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена писмено ќе го информира подносителот на барањето.

(28) Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот (27) на овој член, подносителот на барањето може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.

(29) Против решението на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство за одбивање на барањето од ставот (13) на овој член парабелот има право на жалба во рок од 15 дена до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос.

(30) Доколку министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство не одлучи во рокот од ставот (21) на овој член, подносителот на барањето може да поведе управен спор пред надлежен суд.

(31) Постапката пред Управниот суд е итна.

(32) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ги пропишува формата, содржината и начинот на водењето на Регистарот од ставот (13) на овој член.

Член 18

Правните лица од членовите 15 став (1), 16 став (1), 17 став (1) и 21 став (1) од овој закон се должни телефонскиот број на Државниот инспекторат за земјоделство да го истакнат на видно место на влезот на продажните места, магацините и деловните простории.

**Ѓубре во ринфузна состојба**

Член 19

(1) Пласирање на пазар на ѓубрива во ринфузна состојба може да се врши само меѓу производител на ѓубрива и примарниот земјоделски производител.

(2) Составот на содржината на ѓубрето во ринфузна состојба при пласирање на пазарот треба да се наоѓа во документите кои ја придружуваат пратката која се испорачува. Оваа документација мора да им биде достапна на Државниот инспекторат за земјоделство.

(3) Не е дозволено пласирање на амониум нитратни ѓубрива во ринфузна состојба, во кои количеството на нитратниот азот е над дозволената максимална граница утврдена во декларацијата.

(4) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ги пропишува начинот на пласирање на пазар на ѓубривата во ринфузна состојба од ставовите (1) и (2) на овој член.

VI. УСЛОВИ ЗА УВОЗ НА ЃУБРИВА И СУРОВИНИ

**Увоз**

Член 20

(1) Ѓубривата можат да се увезуваат за пласирање на пазар на територијата на Република Македонија ако се евидентирани во Листата на ѓубрива што се води во Управата.



www.pravdiko.mk

(2) Увоз на ѓубриња може да врши само увозник кој ги исполнува условите од членот 21 од овој закон.

### Услови за увоз на ѓубриња и суровини

Член 21

(1) Увоз на ѓубриња можат да вршат правни лица доколку ги исполнуваат следниве услови:

1) да се регистрирани за вршење на дејност за надворешно-трговски работи и промет;

2) да поседуваат магацин за сместување на ѓубрињата и

3) да имаат вработено најмалку едно лице на неопределено време со најмалку средно образование од областа на земјоделството.

(2) Правното лице кое сака да се занимава со производство на ѓубриња поднесува барање со придружна документација за упис во Регистарот на производители на ѓубриња до Управата.

(3) Управата во рок од 30 дена по приемот на барањето од ставот (2) на овој член утврдува дали се исполнети условите од ставот (1) на овој член и доколку истите се исполнети правното лице се запишува во Регистарот на увозници врз основа на решение од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(4) Доколку правното лице не ги исполнува условите за вршење на дејноста барањето од ставот (2) на овој член со решение се одбива како неосновано.

(5) Доколку министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство не донесе решение по барањето во пропишаниот рок, подносителот на барањето има право во рок од три работни дена од истекот на тој рок да поднесе барање до писарницата на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство за донесување на решение.

(6) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ги пропишува формата и содржината на барањето и придружната документација од ставот (2) на овој член, како и формата и содржината на барањето од ставот (3) на овој член.

(7) Кон барањето од ставот (3) на овој член подносителот на барањето доставува и копија од барањето од ставот (2) на овој член.

(8) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство е должен во рок од пет работни дена од денот на приемот на барањето од ставот (3) на овој член до писарницата на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство да донесе решение со кое барањето е уважено или одбиено.

(9) Доколку министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство не донесе решение во рокот од ставот (8) на овој член, подносителот на барањето може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.

(10) Државниот управен инспекторат е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот (9) на овој член да изврши надзор кај министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство за да утврди дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор писмено да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(11) Инспекторот од Државниот управен инспекторат по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое го задолжува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство во рок од десет дена да одлучи по поднесеното барање, односно да го уважи или одбие барањето и да го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање.

(12) Доколку министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство не одлучи во рокот од ставот (11) на овој член, инспекторот од Државниот управен инспекторат ќе



www.pravdiko.mk

поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести инспекторот од Државниот управен инспекторат за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање. Инспекторот од Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(13) Доколку министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство не одлучи и во дополнителниот рок од ставот (12) на овој член, инспекторот од Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(14) Доколку инспекторот од Државниот управен инспекторат не постапи по известувањето од ставот (9) на овој член, подносителот на барањето во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат.

(15) Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена да го разгледа приговорот од ставот (14) на овој член и доколку утврди дека инспекторот од Државниот управен инспекторат не постапил по известувањето од подносителот на барањето согласно со ставовите (9) и (10) и не поднесол пријава согласно со ставовите (12) и (13) на овој член, ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција за инспекторот од Државниот управен инспекторат и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој инспекторот од Државниот управен инспекторат ќе изврши надзор кај министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство за да утврди дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(16) Доколку инспекторот од Државниот управен инспекторат не постапи и во дополнителниот рок од ставот (15) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот од Државниот управен инспекторат и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(17) Во случајот од ставот (16) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат, најдоцна во рок од еден работен ден, ќе овласти друг инспектор од Државниот управен инспекторат да го спроведе надзорот веднаш.

(18) Во случаите од ставот (17) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена писмено ќе го информира подносителот на барањето.

(19) Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот (16) на овој член, подносителот на барањето може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.

(20) Против решението на министерот за земјоделство шумарство и водостопанство за одбивање на барањето од ставот (2) на овој член, парабелот има право на жалба во рок од 15 дена до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос.

(21) Доколку министерот за земјоделство шумарство и водостопанство не одлучи во рок од ставот (8) на овој член, подносителот на барањето може да поведе управен спор пред надлежен суд.

(22) Постапката пред Управниот суд е итна.



www.pravdiko.mk

(23) Контролата за исполнување на условите за запишување во Регистарот на увозници на ѓубриња од ставот (1) на овој член ја врши Управата. Доколку не се исполнети условите од ставот (1) на овој член државниот инспектор за земјоделство наредува мерки согласно со членот (52) став (1) точки 11, 12 и 13 од овој закон.

(24) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ги пропишува поблиските услови од ставот (1) на овој член, формата, содржината и начинот на водење на Регистарот од ставот (2) на овој член.

(25) Регистарот од ставот (2) на овој член се објавува на веб страницата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Услови за увоз на суровини**

Член 22

(1) Суровини за производство на ѓубре можат да се увезуваат само за ѓубриња евидентирани во Листата на ѓубриња од членот 14 став (2) од овој закон.

(2) Увоз на суровини за производство на ѓубриња можат да вршат правни лица кои ги исполнуваат условите од членот 21 ставови (1) и (2) од овој закон.

**Гранични премини и царински терминали**

Член 23

Увоз на ѓубриња, биостимулатор и подобрувач на својства на почвата и на суровини за производство на ѓубриња може да се врши само преку гранични премини на кои фитосанитарна инспекција има организиран надзор и на царински терминал под надзор на Државниот инспекторат за земјоделство.

**Преглед и земање на примероци од пратки при увоз на ѓубриња и суровини**

Член 24

(1) Увозникот е должен за пристигнувањето на пратката да го извести фитосанитарниот инспектор на граничниот премин.

(2) Пратката по пристигнувањето на граничниот премин и документацијата што ја придружува пратката подлежат на преглед од фитосанитарниот инспектор.

(3) Видовите на документацијата од ставот (2) на овој член ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(4) Ако фитосанитарниот инспектор при прегледот на пратката утврди дека истата не ги исполнува стандардите за квалитет согласно со прописите на членот 32 став (2) од овој закон, или не е придружена со соодветна документација, донесува решение за забрана за увоз и наредува враќање на пратката на испраќачот.

(5) Ако фитосанитарниот инспектор при прегледот на пратката утврди дека истата ги исполнува условите за увоз согласно со одредбите на членот 26 од овој закон и е придружена со соодветна документација, фитосанитарниот инспектор дозволува ставање на пратката за контрола на државниот инспектор за земјоделство на местото на истовар.

(6) На царинскиот терминал фитосанитарниот инспектор при преглед на пратката по потреба зема примероци на трошок на увозникот и ги доставува до државната фитосанитарна лабораторија од членот 33 став (2) од овој закон за испитување на квалитетот.

(7) Ако резултатите од испитувањата се во согласност со декларираниот квалитет, државниот инспектор за земјоделство дозволува увоз и пласирање на пазарот.



www.pravdiko.mk

(8) Ако резултатите од испитувањата не се во согласност со декларираниот квалитет, државниот инспектор за земјоделство донесува решение за забрана на увоз и наредува враќање на пратката на испраќачот.

**Царинење на пратката**

Член 25

Надлежниот царински орган не може да ја отвора пратката, да зема примероци и да започне со спроведување на царинска постапка се додека надлежниот фитосанитарен инспектор и државниот инспектор за земјоделство не извршат преглед и одобрат увоз на пратката.

VII. КВАЛИТЕТ И ОЗНАЧУВАЊЕ НА ЃУБРИЊА

**Квалитет**

Член 26

(1) Во Република Македонија е дозволено производство, пласирање на пазарот, увоз, извоз и употреба на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својства на почвата, кои одговараат на квалитетот пропишан со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

(2) Квалитетот на ѓубрињата се идентификува и се означува со декларација.

**Пакување**

Член 27

Пакувањата на ѓубрињата, биостимулаторот и подобрувачот на својства на почвата доколку при пласирање на пазарот или при увозот се отворени или оштетени не смеат при натамошната употреба да бидат повторно препакувани.

**Препакување**

Член 28

(1) Увозникот може да врши препакување на ѓубрето, биостимулаторот и подобрувачот на својствата на почвата само доколку има добиено согласност од странско лице кое го произведува ѓубрето, под услов да не ги менува својствата на ѓубрето.

(2) Условите кои треба да ги исполнуваат правните лица за да вршат дејност препакување на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата се идентични со условите од членот 13 од овој закон.

(3) Согласноста од ставот (1) на овој член мора да биде заверена кај нотар.

(4) Доколку увозникот врши препакување на ѓубрето, покрај исполнувањето на условите од членот 21 од овој закон треба да има и вработено најмалку едно лице на неопределено работно време, дипломиран земјоделски инженер, дипломиран хемиски инженер или дипломиран инженер технолог.

(5) Доколку увозникот ги исполнува условите од ставовите (1) и (4) на овој член, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство по поднесеното барање му издава решение за препакување во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето за вршење на препакување на ѓубриња.



www.pravdiko.mk

(6) Доколку министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство не донесе решение по барањето од ставот (5) на овој член во рокот од ставот (5) на овој член, подносителот на барањето има право во рок од три работни дена од истекот на тој рок да поднесе барање до писарницата на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство за донесување на решение. Доколку министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(7) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ги пропишува формата и содржината и потребната документација за барањето од ставот (5) на овој член, како и формата и содржината на барањето од ставот (6) на овој член.

(8) Кон барањето од ставот (6) на овој член подносителот на барањето доставува и копија од барањето од ставот (5) на овој член.

(9) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство е должен во рок од пет работни дена од денот на приемот на барањето од ставот (6) на овој член до писарницата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да донесе решение со кое барањето е уважено или одбиено.

(10) Доколку министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство не донесе решение во рокот од ставот (9) на овој член, подносителот на барањето може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.

(11) Државниот управен инспекторат е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот (10) на овој член да изврши надзор кај министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, односно во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за да утврди дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(12) Инспекторот од Државниот управен инспекторат по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое го задолжува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство во рок од десет дена да одлучи по поднесеното барање, односно да го уважи или одбие барањето и да го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање.

(13) Доколку министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство не одлучи во рокот од ставот (12) на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(14) Доколку министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство не одлучи и во дополнителниот рок од ставот (13) на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок писмено ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(15) Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот (10) на овој член, подносителот на барањето во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, приговорот се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.

(16) Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена да го разгледа приговорот од ставот (15) на овој член и доколку утврди дека



www.pravdiko.mk

инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на барањето согласно со ставовите (10) и (11) и/или не поднесол пријава согласно со ставот (14) на овој член ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција за инспекторот и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој инспекторот ќе изврши надзор кај министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, односно во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за да утврди дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор писмено да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(17) Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена да го разгледа приговорот од ставот (16) на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на барањето согласно со ставовите (11) и (12) и/или не поднесол пријава согласно со ставот (14) на овој член ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција за инспекторот и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој инспекторот ќе изврши надзор кај министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, односно во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за да утврди дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(18) Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот (17) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена писмено ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(19) Во случајот од ставот (18) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден, ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот.

(20) Во случаите од ставот (19) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена писмено ќе го информира подносителот на барањето.

(21) Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот (17) на овој член, подносителот на барањето може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.

(22) Против решението на директорот на управата за одбивање на барањето од ставот (9) на овој член, парабелот има право на жалба во рок од 15 дена до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос.

(23) Доколку министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство не одлучи во рокот од ставот (12) на овој член, подносителот на барањето може да поведе управен спор пред надлежен суд.

(24) Постапката пред Управниот суд е итна.

(25) Увозникот кој врши препакување на ѓубре е должен да води евиденција за набавените и препакуваните количини на ѓубриња и за препакуваните количини да изготви извештај кој е должен до Управата да го достави најдоцна до 31 март во тековната година за претходната година.

(26) Формата и содржината на извештајот од ставот (25) на овој член ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.



www.pravdiko.mk

**Декларирање и означување**

Член 29

(1) Ѓубрето кое се увезува и пласира на пазарот треба да има декларација врз основа на која може да се изврши негова идентификација.

(2) Декларацијата од ставот (1) на овој член се печати на македонски јазик, со кирилично писмо, освен заштитените трговски називи на ѓубрето, хемиските симболи на хранливите елементи, називот на производителот и единицата од SI-систем, кои се печатат на латинско писмо.

(3) Декларацијата покрај податоците од ставот (2) на овој член содржи ознаки на видовите на ѓубрето, формулациите, содржината на хранливите елементи, дозволените отстапувања од декларираната содржина, формата на изразување, податоци за начинот на складирање, ракување, употреба, рок и слично.

(4) Декларацијата треба да се наоѓа на видно место на пакувањето или на системот кој се користи за нејзино затворање и во документите кои ја придружуваат пратката, а за пратките во ринфузна состојба на документите кои ја придружуваат. Податоците во декларацијата треба да бидат јасно и читливо наведени и да не можат да се избришат или отстранат.

(5) Формата и содржината на декларацијата ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(6) Производителот од членовите 15 став (1), 19 и 21 став (1) од овој закон или увозникот од членот 22 од овој закон се одговорни за штетата која може да настане поради погрешни, неточни или непотполни декларации.

Член 30

(1) Ѓубрињата кои ги исполнуваат услови за квалитетот за пласирање на пазар од членот 27 од овој закон, а кои потекнуваат од земјите членки на Европската унија на пазарот во Република Македонија се означуваат со ознаката "EC FERTILIZER".

(2) Ознаката "EC FERTILIZER" не смее да се користи ако ѓубрето не е во согласност со пропишаните услови за квалитет за пласирање на пазар утврдени со овој закон.

(3) Документот од надлежниот орган или лабораторија од Европската унија со ознаката "EC FERTILIZER" за ѓубрето треба да им биде достапен на Управата и на Државниот инспекторат за земјоделство.

(4) Ѓубрињата произведени во Република Македонија не можат да ја носат ознаката "EC FERTILIZER".

## VIII. УПОТРЕБА НА ЃУБРИЊА БИОСТИМУЛАОРИ И ПОДОБРУВАЧИ НА СВОЈСТВАТА НА ПОЧВАТА

**Употреба на ѓубриња**

Член 31

(1) Ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачи на својствата на почвата се употребуваат во согласност со правилата за добра земјоделска пракса, што опфаќа употреба на ѓубриња од одреден вид во количества и во согласност со потребите на растенијата и почвата, земајќи ги предвид хранливите неоргански и органските материи во почвата и климатските услови во подрачјето.

(2) Правилата за добра земјоделска пракса од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.



www.pravdiko.mk

# IX. ИСПИТУВАЊЕ НА ЃУБРИЊАТА И СУРОВИНИТЕ

## Методи и стандарди

Член 32

(1) Испитување на ѓубрињата опфаќа утврдување на усогласеноста на испитуваното ѓубре со одредбите од овој закон и со прописите донесени врз основа на овој закон, во однос на видовите на ѓубриња и усогласеноста на декларираната содржина на хранливи елементи со испитувањата.

(2) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ги пропишува методите за испитување, стандардите за квалитет, дозволените отстапувања и начинот на земање на примероците за испитување на ѓубрињата.

## Лабораторија

Член 33

(1) Испитувањата на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата кои се во постапка на евидентирање и контрола на производството, пласирање на пазарот, увозот и извозот ги вршат Државната фитосанитарна лабораторија и акредитираните лаборатории.

(2) Акредитацијата од ставот (1) на овој член може да се однесува на одредени видови на тестови или група на тестови со следниве методи:

- МКС EN 1482-2 - подготовка на работа за анализа,
- МКС EN13037 - определување на pH вредност,
- МКС ISO 760 - % на влага,
- МКС ISO 8397 - гранулација,
- МКС EN 15476 NO3, NH4 метод на Деварd,
- МКС ISO 7497 - фосфор растворлив во киселини,
- МКС ISO 5316 - водорастворлив фосфор и
- МКС EN, 15447 - калиум.

(3) Акредитираната лабораторија од ставот (1) на овој член:

1) спроведува анализа, суперанализа и тестови за потврдување;

2) врши проверка на резултатите од тестот и применетите методи на тестирање;

3) чува референти примероци и стандардни реагенси;

4) подготвува, одржува и дистрибуира референтни материјали;

5) воведува нови методи и разработка на методи за тестирање во согласност со меѓународните стандарди;

6) учествува во меѓулабораториски споредбени тестови за компетентност кои се организирани на меѓународно ниво;

7) соработува со другите земји особено со референтни лаборатории на Европската унија и

8) врши и други задачи поврзани со лабораториски тестирања.

(4) Листата на акредитирани лаборатории се објавува на веб страницата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.



www.pravdiko.mk

**Супер анализа**

Член 34

(1) Ако правно лице во постапката на контрола од членовите 16, 17, 18, 22 и 23 од овој закон не се согласува со добиените резултати од испитувањата од лабораторијата од членовите 33 и 66 од овој закон, може во рок од осум дена од денот на приемот на резултатите од испитувањата да поднесе барање за супер анализа.

(2) Супер анализата се врши во друга акредитирана лабораторија.

(3) Супер анализа може да побара и државниот инспектор за земјоделство.

(4) Резултатот од супер анализата е конечен.

X. ИСКЛУЧОЦИ И ДРУГИ УСЛОВИ

**Исклучоци од евидентирања**

Член 35

Во Листата на ѓубрива не се евидентираат ѓубривата кои пробно се произведуваат или се производ на пуштање во работа на производен погон.

**Сместување и уништување**

Член 36

(1) Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ги евидентира заостанатите количини од ѓубрива и суровините од кои не може да се произведат ѓубрива, како и нивните пакувања, заради собирање, сместување и уништување на начин утврден согласно со прописите од областа на управувањето со отпад.

(2) Секое лице кое поседува ѓубрива, суровини и нивна амбалажа кои не се евидентирани е должно за тоа да ја извести Управата.

(3) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство го пропишува начинот на евидентирање на ѓубривата, амбалажата и суровината од ставот (1) на овој член.

XI. ТРОШОЦИ

**Трошоци за испитувањето**

Член 37

(1) Трошоците за испитување на ѓубривата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата, при стручна контрола на производство, увоз, извоз, пласирање на пазарот и употреба се на товар на:

1) Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за испитување на примероците од членовите 15, 16, 17, 19, 21, 22 и 4 од овој закон дадени по налог на Државниот инспекторат за земјоделство, ако резултатите од испитувањата во лабораторија се позитивни, односно се во согласност со декларацијата;

2) производителот од членот 15 од овој закон за испитување на примероците, правни лица кои пласираат на пазар на големо и мало од членовите 16 и 17 од овој закон за испитување на примероци од членот 24 од овој закон, правно лице од членот 36 став (1) од овој закон, за испитувања со суперанализа, по налог на државниот инспектор за земјоделство , ако резултатите од испитувањата не се во согласност со декларацијата и



www.pravdiko.mk

3) увозникот од членот 21 од овој закон за испитувањата на примероците од членовите 27 и 28 ставови (6) и (9) од овој закон ако резултатите од испитувањата не се во согласност со декларацијата, како и при пуштање во промет.

(2) Висината на трошоците од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство врз основа на видот на услугата и компонентите кои се анализираат и се приход на правното лице кое ги врши испитувањата.

(3) Трошоците од ставот (1) точка 1 на овој член ако резултатите се според декларацијата, се на товар на Буџетот на Република Македонија - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(4) Трошоците за испитување, повлекување и за отстранување на ѓубрето, како и трошоците во врска со спроведувањето на решенијата од членот 57 од овој закон ги поднесува правното лице што го произвело, увезло, односно пласирало на пазарот.

(5) Доколку испитувањата покажуваат дека ѓубрето, биостимулаторите, подобрувачите на својствата на почвата или суровината се исправни, трошоците за испитувањето се на товар на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## XII. НАДЛЕЖНОСТИ НА ДРЖАВНИТЕ ОРГАНИ

### **Министерство**

Член 38

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство предлага и ја реализира политиката на Владата на Република Македонија во областа на квалитетот на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата.

### **Министер**

Член 39

За целите на извршување на овој закон, развој и заштита од употребата на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство може да одобри правни лица да спроведуваат истражувања и развој на нови методи и системи од областа на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата и да дефинира правила за целите на истражувањето и развојот.

### **Стручен совет**

Член 40

(1) Заради давање стручни совети и предлагање на мерки кои се однесуваат на заштита на здравјето на луѓето, животните и животната средина од внесување и употреба на одредени штетни агенси и ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата, се формира Стручен совет кој е составен од пет члена и тоа од експерти од областа на агрохемијата, хемијата, микробиологијата и физиологијата на растенијата.

(2) Стручниот совет со решение го формира министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(3) Стручниот совет дава мислења, сугестии и предлага мерки за:

1) заштита од внесување, производство, пласирање и употреба на ѓубриња и суровини за производство на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата;



www.pravdiko.mk

2) минимизацијата на ризикот кој се однесува на мерките за употреба на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата;

3) приоритети во истражувањето;

4) иницирање соработка и контакти со меѓународни институции и

5) други значајни прашања од областа на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата.

(4) Стручниот совет дава извештај за својата работа по потреба и на барање на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, а најмалку еднаш годишно на крај од годината.

(5) Начинот на работа на стручниот совет и содржината на извештајот од ставот (4) на овој член ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(6) Надоместокот за работа и другите трошоци за работа на стручниот совет ги утврдува Владата на Република Македонија, на предлог на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, врз основа на вистински направени трошоци за работа на стручниот совет, а се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

**Управата**

Член 41

Управата е надлежна за вршење на следниве задачи:

1) спроведува постапка за запишување во регистар и бришење од регистар на правни лица за производство, пласирање на пазар на големо и мало, увоз и евидентирање во Листата на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата;

2) ја следи состојбата од областа на употребата на ѓубривата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата и нивната ефикасност врз растенија или растителни производи, производството и пласирањето на пазарот;

3) изготвува годишна програма за мониторинг на контрола на квалитетот и декларирањето на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата;

4) соработува со други надлежни органи;

5) ја претставува Република Македонија во меѓународните организации од областа на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата и ја информира Европската унија за состојбата при појава на ризик од употребата на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата согласно со одредбите од Законот за здравје на растенијата;

6) воведува информативен систем, прибира, обработува, посредува и чува податоци за ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата;

7) организира обука на сите вклучени во пласирањето на пазарот, употребата на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата, издава публикации и упатства и

8) извршува други работи определени со овој закон.

XIII. МОНИТОРИНГ

Член 42

(1) Управата спроведува мониторинг во областа на производството, преработката, складирањето, дистрибуцијата, употребата и сообразноста на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата, како и контрола на квалитетот на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата.



www.pravdiko.mk

(2) Владата на Република Македонија на предлог на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесува годишна програма за спроведување на мониторингот од ставот (1) на овој член.

(3) Годишната програма за спроведување на мониторингот од ставот (1) на овој член особено содржи износ на средства за спроведување на активностите, видовите на мониторинг, видовите и типовите на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата, вкупниот број на мостри за временскиот период на реализацијата на активностите и субјектите кои ќе ја спроведуваат програмата.

(4) Мониторингот се спроведува преку контрола на квалитетот на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата, нивно производство, квалитет, информации од мерења, оцена и контрола на параметри за идентификација и докажување на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата, при увоз и извоз, транзит, како и при следење на процесот во сите фази од процесот на производство.

(5) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство го пропишува начинот на вршење на мониторингот од ставот (4) на овој член.

(6) За реализација на годишната програма од ставот (2) на овој член на предлог на директорот на Управата, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство доставува извештај за тековната година, а најдоцна до крајот на април наредната година до Владата на Република Македонија за усвојување.

(7) Извештајот од ставот (6) на овој член се изготвува согласно со целите и приоритетите за контрола утврдени во стратегијата за фитосанитарна политика и се објавува на веб страницата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Годишен извештај за мониторинг**

Член 43

(1) Годишниот извештај за мониторинг ги содржи:

1) сите активности извршени во мониторинг програмата;

2) резултатите од контролите и од увидите спроведени во тековната година врз основа на стратегијата за фитосанитарна политика;

3) видот и бројот на констатирани случаи на неусогласеност и

4) спроведените активности и добиените резултати од спроведувањето на фитосанитарната стратегија.

(2) Имајќи ги предвид резултатите од контролите и други соодветни информации, Управата во рамките на извештајот од ставот (1) на овој член дава препорака до Владата на Република Македонија во однос на:

1) можностите за подобрување на ефикасноста на преземените активности, вклучувајќи ги и целта, увидот, управувањето и спроведувањето;

2) посебните контроли кои се вршат во одделни области или активности, без оглед дали истите се опфатени со програмата и

3) координирани планови наменети за посебни цели.

(3) Годишната програма за спроведување на мониторинг се менува и дополнува врз основа на заклучоците и препораките содржани во извештајот од ставот (1) на овој член.



www.pravdiko.mk

## XIV. НАДЗОР

Член 44

(1) Надзор над спроведувањето од одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон врши Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(2) Инспекциски надзор над спроведување на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон врши Државниот инспекторат за земјоделство, преку државни инспектори за земјоделство и фитосанитарни инспектори.

(3) За извршен инспекцискиот надзор државниот инспектор за земјоделство или фитосанитарниот инспектор за земјоделство е должен да состави записник.

**Постапка за едукација**

Член 45

(1) Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор Државниот инспекторат за земјоделство преку државните инспектори за земјоделство и фитосанитарните инспектори утврди дека за прв пат е сторена неправилност од членот 57 став (1) од овој закон е должен да состави записник во кој ќе ја утврди сторената неправилност со укажување за отстранување на утврдената неправилност, во рок од 15 дена и со истовремено врачување на покана за спроведување на едукација на лицето или субјектот каде што е утврдена неправилноста при вршењето на инспекцискиот надзор.

(2) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ги пропишува формата и содржината на поканата за едукација, како и начинот на спроведување на едукацијата.

(3) Едукацијата ја организира и спроведува Државниот инспекторат за земјоделство, во рок не подолг од осум дена од денот на спроведувањето на инспекцискиот надзор.

(4) Едукацијата може да се спроведе за повеќе утврдени исти или истородни неправилности за еден или за повеќе субјекти.

(5) Доколку во закажаниот термин лицето или субјектот над кој се спроведува едукација не се јави на едукацијата, ќе се смета дека едукацијата е спроведена.

(6) Доколку лицето или субјектот над кој се спроведува едукација се јави на закажаната едукација и истата ја заврши, ќе се смета дека е едуциран по однос на утврдената неправилност.

(7) Доколку Државниот инспекторат за земјоделство преку државните инспектори за земјоделство и фитосанитарните инспектори при спроведувањето на контролниот надзор утврди дека се отстранети утврдените неправилности од ставот (1) на овој член донесува заклучок со кој ја запира постапката на инспекцискиот надзор.

(8) Доколку Државниот инспекторат за земјоделство преку државните инспектори за земјоделство и фитосанитарните инспектори при спроведувањето на контролниот надзор утврди дека не се отстранети утврдените неправилности од ставот (1) на овој член, поднесува барање за поведување на прекршочна постапка пред прекршочна комисија.

(9) Државниот инспекторат за земјоделство води евиденција за спроведената едукација на начин пропишан од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Член 46

Државниот инспекторат за земјоделство за извршените контроли изготвува квартален извештај и го објавува на веб страницата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.



www.pravdiko.mk

Член 47

При вршење на контрола на ѓубрива, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата и суровини на граничниот премин фитосанитарниот инспектор при вршење на надзорот може да:

1) врши преглед на документацијата со пратката при увоз, извоз, како и идентификација на пратката;

2) контролира дали се исполнети условите за означување на ѓубрето со ознака “EC FERTILIZER“;

3) поднесува барање за покренување на прекршочна постапка, поради повреда на одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон и

4) нареди преземање и други мерки врз основа на овластувањата од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

**Мерки на фитосанитарниот инспектор при увоз**

Член 48

(1) Фитосанитарниот инспектор при вршење на надзорот може покрај мерките од членот 46 од овој закон при вршење на контрола на ѓубривата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата и суровини на гранични премини да:

1) забрани увоз или извоз и нареди враќање на пратката во согласност со членот 21 став (6) од овој закон и

2) нареди на увозникот бришење на ознаката “EC FERTILIZER“ во согласност со членовите 30 став (2), 50 став (1) и 51 од овој закон.

(2) За мерките од ставовите (1) и (2) на овој член фитосанитарниот инспектор донесува решение.

(3) Контрола на условите за увоз на суровини за производство на ѓубрива врши Државниот инспекторат за земјоделство.

**Надлежности на државниот инспектор за земјоделство**

Член 49

(1) Државниот инспектор за земјоделство може да зема примероци од ѓубрива, биостимулатори и подобрувачи и од крајниот корисник по негово барање и при вршење контрола на производство, пласирање на пазар и при увоз на царински терминал.

(2) Државниот инспектор за земјоделство при вршење на надзорот може да:

1) забрани пласирање на ѓубрива, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата, како и да забрани употреба на објектот во кој се врши производство и пласирање на пазарот, ако правното лице не е запишано во соодветниот регистар и ако не ги исполнува условите пропишани со овој закон;

2) забрани пласирање на пазарот на ѓубрива, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата, како и да забрани употреба на објектот во кој се врши производство и пласирање на пазарот на ѓубрива, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата ако утврди недостатоци по однос на просторот, опремата, персоналот, односно вршење на дејноста поради која може да дојде до штетни последици по здравјето на луѓето и животните сè до отстранување на недостатоците во определениот рок;

3) забрани официјални испитувања и анализи на ѓубрива, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата на правни лица кои не ги исполнуваат условите за



www.pravdiko.mk

вршење на испитување согласно со условите пропишани со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон;

4) зема проби од ѓубриња, биостимулатори, подобрувачи на својствата на почвата и суровини за проверка дали одговараат на декларираната содржина, својства и дејство;

5) забрани пласирање на пазарот и употреба на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата, доколку истите не се евидентирани во Листата на ѓубриња, се забранети или се со поминат рок на важност, според одредбите од овој закон;

6) забрани пласирање на пазарот и употреба на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата, доколку не се во согласност со решението во однос на пакување, декларација, означување, физички и хемиски состав и друго;

7) привремено забрани пласирање на пазарот на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата, односно нивни шаржи за кои ќе се посомнева дека не се исправни, додека со испитувањето не се утврди нивната исправност;

8) предложи на Управата поништување на решението за евидентирање во Листата на ѓубриња кога е констастатирана неправилност во пласирањето на пазарот;

9) одземе ѓубре, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата, кои се со поминат рок на употреба, не се во оригиналното пакување од производителот, ако декларацијата не е во согласност со решението за евидентирање во Листата на ѓубриња, декларацијата не е печатена на македонски јазик и не е соодветно означена, ако е констатирана неправилност во пласирањето на пазарот;

10) контролира дали се исполнети условите за означување на ѓубрето со ознаката “ЕC FERTILIZER“;

11) нареди соодветно сместување на заостанатите количества на ѓубриња и суровини кои не можат да се преформулираат, односно од кои не можат да се произведат ѓубриња;

12) нареди повлекување на неисправни ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата доколку се констатирани неправилности во пласирањето на пазарот;

13) нареди и други мерки и да определи рокови за нивно извршување заради усогласување на работењето на правните лица кои вршат производство или пласираат на пазарот ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон и

14) поведе прекршочна постапка против правните и физички лица, пред надлежните органи во случај на повреда на одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

**Мерки на државниот инспектор за земјоделство**

Член 50

Државниот инспектор за земјоделство покрај мерките од членот 50 од овој закон на правното лице може да му изрече и забрана за вршење на дејноста во траење од 90 дена, ако:

1) врши производство и пласира на пазар ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата, а не се запишани во соодветниот регистар, како и да забрани употреба на објектот кој не ги исполнува условите согласно со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон;

2) врши производство и пласира на пазар ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата во објекти забранети за употреба за производство, сместување или пласирање на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата, ако утврди недостатоци по однос на просторот, опремата, персоналот, вршењето на дејноста



www.pravdiko.mk

поради што може да дојде до штетни последици по здравјето на луѓето, животните и растенијата;

3) во производството на ѓубрива и суровини употребува супстанции и материи за кои претходно не е обезбеден сертификат за пропишаниот квалитет, односно употребува неквалитетни или фалсификувани материјали;

4) пласира на пазарот неисправни ѓубрива, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата и суровини;

5) официјални тестирања, лабораториски анализи на ѓубривата, боистимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата не ги врши според услови, стандарди и методи пропишани со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон и

6) не дозволува увид на инспекторот или не ги даде потребните податоци, примероци и документација или на друг начин го попречува или оневозможува инспекцискиот надзор.

**Контрола на ѓубрива, боистимулатори и подобрувачи на својствата на почвата**

Член 51

(1) За утврдување на сообразноста на производите со декларираната содржина на ѓубривата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата Државниот инспекторат за земјоделство може да земе примероци.

(2) Методите за земање на примероци, методите за испитување, количеството на примероците, постапката за доставување на примероците до лабораторија, начинот на чување и уништување на примероците од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Стручна контрола на производството и пласирањето на пазар на ѓубрива**

Член 52

Фитосанитарната управа врши стручна контрола над работата на правните лица кои произведуваат, препакуваат и ги менуваат својствата на ѓубрето, вршат официјални тестови на ѓубрива, анализи на ѓубрива, увоз-извоз на ѓубрива и пласирање на ѓубрива на големо и мало на пазарот.

**Обврски на правните лица**

Член 53

(1) Правните лица кои подлежат на контрола се должни на надлежниот инспектор да му овозможат вршење на контрола, да му ги дадат потребните податоци и да му обезбедат услови за работа.

(2) Правните лица од ставот (1) на овој член се должни на барање на надлежниот инспектор во одреден рок да доставаат податоци за вршење на инспекциски надзор.

**Постапки на инспекторот**

Член 54

(1) За извршениот инспекциски надзор и утврдената состојба инспекторот составува записник и еден примерок му доставува на правното лице.



www.pravdiko.mk

(2) Надлежниот инспектор со решение ги определува мерките од членовите 23, 50, 51 и 53 од овој закон и согласно со Законот за општата управна постапка.

(3) Против решението на инспекторот од ставот (2) на овој член може да се поднесе жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(4) Жалбата против решението од ставот (3) на овој член не го одлага неговото извршување.

Член 55

(1) На правното лице ќе му се поништи решението за запишување во соодветниот регистар доколку по втор пат му е изречена управна мерка од членовите 23 ставови (1), (2) и (3), 50, 51 и 52 од овој закон со правосилно решение на надлежниот инспектор.

(2) Решението за поништување на решението од ставот (1) на овој член го донесува директорот на Управата.

(3) Против решението од ставот (2) на овој член може да се поднесе жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(4) Жалбата против решението од ставот (3) на овој член не го одлага неговото извршување.

Член 56

(1) Државниот инспектор за земјоделство може да определи ѓубрињата, биостимулатори, подобрувачи на својствата на почвата или суровините кои ги забранил за пласирање на пазарот и употреба, да останат на чување кај правното или физичкото лице кај кое се затекнати или да бидат одземени.

(2) Ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата од ставот (1) на овој член се чуваат посебно одвоени, запакувани и обележани.

(3) Државниот инспектор за земјоделство кон записникот за земање на примероци и решението за изречената мерка го приложува и пописот на забранетите ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата од ставот (1) на овој член.

Член 57

(1) Ѓубрињата, биостимулаторите, подобрувачите на својствата на почвата и суровините се повлекуваат од употреба и пласирање на пазарот ако се утврди дека се употребуваат и пласираат на пазарот, спротивно на одредбите од овој закон и на прописите донесени врз основа на овој закон.

(2) За ѓубрињата, биостимулаторите, подобрувачите на својствата на почвата и суровините од ставот (1) на овој член за кои е издадено решение за пласирање на пазарот, директорот на Управата ќе донесе решение за поништување на донесеното решение.

(3) Решението од ставот (2) на овој член се објавува во "Службен весник на Република Македонија".

Член 58

(1) Државниот инспектор за земјоделство е должен да нареди отстранување на ѓубрето, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата, ако:

1) утврди дека не одговара на условите наведени во решението врз основа на извршените лабораториски испитувања, има отстапување на содржината или врз основа на правосилно решение за забрана за производство или пласирање на пазарот и

2) сопственикот не оспорува дека истите не се исправни.



www.pravdiko.mk

(2) Во случај сопственикот да ги оспорува резултатите од анализата се врши суперанализа и доколку и со извештајот од суперанализата се потврдат резултатите со претходните анализи ќе се изврши мерка отстранување и без согласност на сопственикот.

(3) Сопственикот кај кој ќе се затекне ѓубре, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата за кои е наредено отстранување е должен истите да ги складира во време и место одредени со решението.

(4) Доколку се утврди дека се работи за ѓубре кое е во Листата на опасен отпад отстранувањето на ѓубрето се врши согласно со Законот за управување со отпадот.

Член 59

Овластената или акредитираната лабораторија што ги вршела испитувањата ги поднесува трошоците за повлекување на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата од пазарот, ако дала погрешен извештај за нивната исправност врз основа на кој се повлечени од пласирање на пазарот.

## XV. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

### Прекршочна постапка и постапка за порамнување

Член 60

(1) За прекршоците предвидени во членот 61 од овој закон прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежниот суд, а за прекршоците предвидени во членовите 62 и 63 од овој закон прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува прекршочна комисија составена од три члена при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство од кои најмалку еден член е дипломиран правник со положен правосуден испит.

(2) Пред поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка за прекршоците предвидени во овој закон државниот инспектор за земјоделство и фитосанитарниот инспектор спроведуваат постапка за порамнување согласно со Законот за Државниот инспекторат за земјоделство.

### Прекршочни санкции на правни лица

Член 61

(1) Глоба во износ од 4.000 до 8.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице за прекршок, ако:

1) не чува податоци за називот и адресите на погоните во кои се произведуваат амониум-нитратни ѓубриња и податоците не му се достапни на фитосанитарниот инспектор (член 7);

2) пласира на пазарот амониум-нитратни ѓубриња, а не се исполнети условите (член 8 ставови (3) и (4));

3) произведува, пласира на пазарот, увезува и употребува органско ѓубре кое не е класифицирано како органско ѓубре од одреден вид според членот 9 став (2) од овој закон;

4) произведува, пласира на пазарот, увезува и употребува микробиолошко ѓубре кое не е класифицирано како микробиолошко ѓубриво од одреден вид (член 10 став (2));

5) произведува, пласира на пазарот, увезува и употребува биостимулатор кој не е класифициран како биостимулатор од одреден вид (член 11 став (2));



www.pravdiko.mk

6) произведува, пласира на пазарот, увезува и употребува подобрувач на својствата на почвата кој не е класифициран како подобрувач на својствата на почвата од одреден вид (член 13 ставови (1) и (3));

7) произведува ѓубре, а не е запишан во Регистарот на производители на ѓубре и ако ѓубрето не е евидентирано во Листата на ѓубрива (член 14 став (1));

8) не врши контрола за квалитетот на производството на секоја шаржа на ѓубре пред пласирање на пазар и не води евиденција (член 15 став (1));

9) евидентирањето на производството на секоја шаржа на ѓубре пред пласирање на пазарот и не води евиденција (член 15 став (2));

10) пласира на пазар ѓубре на големо и мало, а не ги исполнува условите од членовите 16 и 17 ставови (1) и (2) и 20 од овој закон;

11) декларацијата што ја придружува пратката во ринфузна состојба не содржи податоци пропишани во членот 19 став (2) од овој закон;

12) увезува ѓубрива и суровини преку граничните премини и царинските терминали на кои не е организирана инспекција (член 23);

13) не пријави увоз на пратка на фитосанитарната инспекција на граничниот премин или царински терминал (член 25);

14) составот на ѓубрето не е во согласност со пропишаните отстапувања (член 26);

15) тој што увезува и пласира на пазарот ѓубрива кои не се означени во членот 30 од овој закон и

16) не му овозможи на надлежниот инспектор да врши контрола, не дава потребни информации, не му обезбедува услови за работа или не доставува документи во дадениот рок (член 53).

(2) Глоба во износ од 1.500 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за сторениот прекршок од ставот (1) на овој член.

(3) На правното лице покрај глобата од ставот (1) точки 2, 3 и 4 на овој член ќе му се изрече и прекршочна санкција привремена забрана за вршење на производство и пласирање на пазар на производи во траење од шест месеца до една година.

(4) На одговорното лице во правното лице покрај глобата од ставот (2) на овој член ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на должност во траење од една до две години.

(5) За прекршоците од ставот (1) на овој член покрај глобата на правното лице ќе му се изрече и посебна прекршочна мерка одземање на производите.

(6) Глоба во износ од 4.000 до 8.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице во правното лице за прекршокот од ставот (1) на овој член.

(7) За прекршоците од ставот (1) на овој член покрај глобата на физичкото лице во правното лице ќе му се изрече и посебна прекршочна мерка одземање на производите.

Член 62

(1) Глоба во износ од 2.500 до 4.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице за прекршок, ако:

1) производителот кој пакува, произведува, доработува и врши пакување или го менува својството на ѓубрето, а не ги исполнува условите од членот 15 од овој закон;

2) увезува заради пласирање на ѓубрива кои не се евидентирани во Управата (член 20);

3) пакува или доработува ѓубре без согласност од домашно или странско лице (членови 27 и 28);

4) пласира на пазар ѓубре во ринфузна состојба спротивно на членот 19 од овој закон;



www.pravdiko.mk

5) пласира амониум-нитратно ѓубре со висок процент на азот во ринфузна состојба спротивно на членот 19 став (3) од овој закон;

6) врши пакување на ѓубрива спротивно на членот 27 од овој закон;

7) ѓубривата произведени во Република Македонија ги пласира на пазар со "ЕС FERTILIZER" ознака спротивно од членот 30 став (4) од овој закон;

8) не поседува соодветен доказ за користење на "ЕС FERTILIZER" ознака (член 30 став (3)) и

9) врши испитување на ѓубре, а не ги исполнува условите од членот 33 став (3) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 800 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за сторениот прекршок од ставот (1) на овој член.

(3) За прекршоците од ставот (1) на овој член покрај глобата на правното лице ќе му се изрече и посебна прекршочна мерка одземање на производите.

(4) Глоба во износ од 2.500 до 4.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице во правното лице за прекршокот од ставот (1) на овој член.

(5) За прекршоците од ставот (1) на овој член покрај глобата на физичкото лице во правното лице ќе му се изрече и посебна прекршочна мерка одземање на производите.

**Глоба на самото место**

Член 63

(1) Глоба во износ до 2.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице за прекршок, ако:

1) нема истакнато телефонски број на Државниот инспекторат за земјоделство на видливо место (член 18);

2) не го употребува ѓубрето на пропишаниот начин (член 31 став (2)) и

3) не ги сместува заостанатите ѓубрива и суровини кои не можат да се преформулираат, а за тоа нема да ја извести Управата (член 36 ставови (1) и (2)).

(2) Глоба во износ од 800 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за сторениот прекршок од ставот (1) на овој член.

(3) Глоба во износ до 2.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице во правното лице за прекршок од ставот (1) на овој член.

XVI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Спроведување на прописи**

Член 64

(1) Прописите предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) До донесувањето на прописите од ставот (1) на овој член ќе се применуваат постојните прописи.



www.pravdiko.mk

**Обврски на правните лица**

Член 65

(1) Производителот, увозникот и правните лица кои вршат промет на големи и мало со ѓубрива, биостимулатори и подобрувачи на својства на почвата се должни своето работење да го усогласат со одредбите од овој закон во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) Ако лицата од ставот (1) на овој член не го усогласат своето работење со одредбите од овој закон во рокот од ставот (1) на овој член, Управата ќе ги избрише од соодветниот регистар.

Член 66

(1) Лабораториите кои биле овластени за вршење на испитување на ѓубрива согласно со Законот за ѓубрива ("Службен весник на Република Македонија" број 110/2007, 20/2009, 17/11, 148/11, 69/13 и 127/13) продолжуваат да ги вршат работите на испитување на ѓубрива согласно со одредбите од овој закон, но треба да се акредитираат најдоцна до 31 декември 2014 година.

(2) Ако лабораториите од ставот (1) на овој член не се акредитираат до истекот на рокот од ставот (1) на овој член, овластувањата за вршење на лабораториските испитувања престануваат да важат.

Член 67

Одредбата на членот 30 став (4) од овој закон ќе се применува до пристапувањето на Република Македонија во Европската унија.

**Престанок на важење**

Член 68

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за ѓубрива ("Службен весник на Република Македонија" број 110/2007, 20/2009, 17/11, 148/11, 69/13 и 127/13).

**Влегување во сила**

Член 69

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".



www.pravdiko.mk